Скопје, 28 јануари, 2024 година

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА МЛАДИТЕ ИСТРАЖУВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА „НАУКА НА МЛАДИТЕ"
Бр. 0302 - 2
28.01. 2024 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК

## за учество на 60- от Јубилеен Државен натпревар на младите истражувачи од Република Северна Македонија - НАУКА НА МЛАДИ

60-ти Јубилеен Државен натпревар на млади истражувачи од Република Северна Македонија – НАУКА НА МЛАДИ е традиционална манифестација, преку која учениците од средното образование во Република Северна Македонија имаат можност да презентираат научно – истражувачки и апликативни резултати од обласата на применети природни и технички науки: астрономијата, биологијата, биохемијата, ботаниката и зоологијата, микробиологијата, фармацијата, географијата, екологијата, информатиката (дизајн на веб страна, примена на софтер, компјутерско програмирање), математиката, физиката, електротехниката и електрониката, хемијата (применета органска хемија и применета неорганска хемија), квалитет и безбедност на храна, гастрономијата, автоматиката и роботиката, агротехниката, машинска техника, климатологија со применета метеорологија, обновливи извори на енергија, енергетска ефикасност на објектите, фототехниката, кино-видео техниката, иновациите и нивната примена во: индустријата, енергетиката, суровинската база, производството на храна и комуникациите.

Државниот натпревар на младите истражувачи на Сојузот на здруженијата на младите истражувачи на Македонија- НАУКА НА МЛАДИ се организира и претставува манифестација со 59 годишна традиција во системот активности на Сојузот на здруженијата на младите истражувачи на Македонија- НАУКА НА МЛАДИ. Оваа манифестација се одржува во втората половина на месец април.

Организатори на оваа манифестација се Сојузот на здруженијата за техничка култура на Македонија – Народна техника на Македонија и Сојузот на здруженијата на млади истражувачи на Македонија – НАУКА НА МЛАДИ во соработка и поддршка со Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

На Државниот натпревар можат да учествуваат натпреварувачи кои се пријавени преку своите училиштата од сите средни училишта во Република Северна Македонија.

СЗТКМ – Народна техника на Македонија
Сојузот на здруженијата на млади истражувачи на Македонија-
НАУКА НА МЛАДИ

Претседател
Соња Миленковска

# 1. ОБЛАСТИ НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

Учениците можат да се натпреваруваат во следните дисциплини:

1. **Астрономија**
2. **Биологија**
   Биохемија
   Ботаника и зоологија
   Микробиологија
   Фармација
3. **Применета Географија**
4. **Екологија**
5. **Информатика**
   Дизајн на веб страници
   Компјутерско програмирање
   Примена на софтвер
6. **Применета Математика**
7. **Применета Физика**
   Електротехника и електроника
8. **Применета Хемија**
   Применета Неорганска хемија
   Применета Органска хемија
9. **Квалитет и безбедност на храна**
10. **Гастрономија**
11. **Автоматика и роботика**
12. **Агротехника**
13. **Машинска техника**
14. **Климатологија со применета метеорологија**
15. **Обновливи извори на енергија**
16. **Енергетска ефикасност на објектите**
17. **Фото техника**
18. **Кино и видео техника**
19. **Иновации**

Еден натпреварувач може да се натпреварува само во една дисциплина и само со една тема.

# 2. ПРИЈАВУВАЊЕ НА ТЕМИТЕ

Пријаувањето на темите на натпреварувачите се одвива електронски во три фази:

**Прва фаза:**

На електронската пошта nauka.na.mladi@gmail.com **се испраќа пријавата и темата**

**Втора фаза:**

Организаторот ги известува натпреварувачите дали темата е прифатена да учествува на натпреварот по добиените известувања од страна на рецензентските комисии.

**Трета фаза:**

Темата во три печатени примероци се доставова на Оценувачката комисија на денот на одржување на натпреварот

## 3.СОДРЖИНА НА ТЕМИТЕ

Темата може да има **најмногу 16 печатени страници** и да содржи :

- Насловна страна
- Резиме
- Вовед
- Теориски основи на појавите опфатени во темата
- Експериментален дел/резултати
- Заклучок
- Користена литература

## 4.ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ТЕМИТЕ

Сојузот на здруженијата на младите истражувачи на Македонија- НАУКА НА МЛАДИ, формира комисија за оценување на темите. Комисија е составена од универзитетски професори, научни работници и други стручни лица од наведените области. Комисијата се состои од три членови.

Секој натпреварувач ја презентира својата тема усмено со презентација на онлајн, како и со изведување на експеримент. **Максималната должина на излагањето изнесува 15 минути.**

Во предвиденото време комисијата е должна да му овозможи непрекинато презентирање на натпреварувачот.

За дообјаснување на резултатите од темата по завршената презентација од страна на натпреварувачот секој член од комисијата има право да постави по едно прашање.

Вкупното време на одбраната на темата не смее да биде подолга од **15 минути**.

## 5. ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ТЕМИТЕ

Комисијата за оценување на темите ги следи следните елементи на оценување:

1. Методичност во истражувањето, утврдувањето и докажувањето на научниот проблем, систематичност и прецизност во целокупната постапка на истражувањето .
2. Применливост на научните сознанија во практиката.
3. Изведување на експериментот со користење на уред, инструмент и докажување на апликативноста на научното истражување на трудот.
4. Изведена сопствена конструкција на уред, апарат, инструмент како резултат на истражувачка работа на натпреварувачот.

Доколку натпреварувачот нема елементи за оценување од точка 4, предвидените бодови оценувачката комисија според сопствена проценка ги распределува во другите точки од елементите за оценување.

При доделувањето на вкупниот број бодови одлучува и општиот впечаток што ќе го остави натпреварувачот при одбраната на истражувачкиот труд.

## 6.НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Секој учесник според овие елементи за оценување на темата може да освои **од 1 до 100** бода.

- **Прво место се доделува за освоени минимум 91 бод**
- **Второ место се доделува за освоени минимум 81 бод**
- **Трето место се доделува за освоени минимум 71 бод**

Доколку во една област повеќе натпреварувачи имаат освоено повеќе од 91 бод, првото, второто и третото место се доделуваат на оние натпреварувачи кои освоиле најмногу бодови.

За учесниците, врз основа на постигнатите резултати, организаторот доделува дипломи и медаљи за едно прво, едно второ и едно трето место, за секоја дисциплина, во согласност со критериумите и мерилата за доделување на стипендии за надарени ученици и студенти.

На натпреварувачите со освоени бодови помалку од 71 се доделуваат признание за учество.

Дипломи се доделуваат и на менторите на натпреварувачите кои освоиле награда.

Благодарници се доделуваат на училиштата, факултетите и институциите кои помогнале на натпреварувачите за нивното подготвување и изработка на темите.

## 7. ИНФОРМАЦИИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕТО

Комисијата за оценување на темите ги оценува темите според елементите на оценување и дава согласност за нивно учество на 60-от Јубилеен Државен натпревар на младите истражувачи од Република Северна Македонија-НАУКА НА МЛАДИ .

На учениците-ментори информацијата за одобрени и одбиени теми ќе биде доставена по електронска пошта на истиот емајл од кој аплицирале **најдоцна до 15 април, 2024 година**.

Натпреварувачите чии теми се одобрени од рецензионата комисија се должни да обезбедат апарати , уреди, направи и слично за докажување и демонстрирање на трудот или дел од процесот за докажување на резултатите .Трошоците за храна , дипломи, медаљи и награди на учесниците на 60-от Јубилеен Државен натпревар на младите истражувачи од Република Северна Македонија –НАУКА НА МЛАДИ ги покрива организаторот.

## 8. ВАЖНИ ДАТУМИ

| | |
|---|---|
| | |
| **8 април 2024** | На електронската пошта nauka.na.mladi@gmail.com се испраќа пријавата и темата до Сојузот на здруженија на младите истражувачи на Македонија- Наука на младите. |
| **15 април, 2024** | Потврда за прифаќање на темата од комисијата на Сојузот на здруженија на младите истражувачи на Македонија- Наука на младите |
| | |
| **20 април, 2024** | Одржување на натпреварот |

## 9. ИНФОРМАЦИИ

**Сојуз на здруженијата на младите истражувачи на Македонија- НАУКА НА МЛАДИ**
**Народна техника на Македонија**
тел: 02/3238 357, моб.070 269 944 - Зоран Соколовски- секретар
e-mail : nauka.na.mladi@gmail.com ;
www.narodnatehnikamakedonija.org.mk; fb:SZTKM-Narodna tehnika Makedonija

ул.Градски зид блок 5 , општина Центар, п.фах 14, 1000 Скопје, Македонија

Сојузот на здруженијата на млади истражувачи на Македонија-
НАУКА НА МЛАДИ

Претседател:
Соња Миленковска

Сојуз на здруженијата на младите истражувачи на Македонија „НАУКА НА МЛАДИТЕ“ СКОПЈЕ